2

1820
Službeni vesnik SR
Makedonija
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ... ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски, односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Среда, 28 ... 1984

БЕЛГРАД

БРОЈ 64 ГОД. XL

Цена на овој број е 34 динари. – Претплатата за 1984 година изнесува 1.852 динари. Рок за рекламации 15 дена. – Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

684.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОПШТИ ЗДРУЖЕНИЈА И ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 ноември 1984 година.

П бр. 388
27 ноември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Душан Алимпиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОПШТИ ЗДРУЖЕНИЈА И ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76 и 63/80) во член 1 став 2 зборовите: „Здружението на заедниците за осигурување на имоти и лица на Југославија" се заменуваат со зборовите: „Здружението на осигурителните организации на Југославија".

Член 2

Во член 2 став 1 по зборот: „телефони" се додаваат запирка и зборовите: „Заедницата на индустријата за вооружување и воена опрема на Југославија".

Во став 2 по зборовите: „Здружението на банките на Југославија" се додаваат зборовите: „Здружението на осигурителните организации на Југославија".

Член 3

Во член 28 став 1 зборовите: „извршниот одбор" се заменуваат со зборовите: „Претседателството на Комората".

Член 4

По член 28 се додава нов член 28а, кој гласи:

„Член 28а

Претседателството на Комората е извршен орган на Собранието на Комората.

Со Статутот на Комората се уредуваат, составот, начинот на избор и овластувањата на Претседателството на Комората.

Претседателството на Комората ја претставува Комората."

Член 5

Член 30 се брише.

Член 6

Комората е должна својата организација да ја усогласи со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

685.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ СРЕДСТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за вложување средства на странски лица во домашни организации на здружен труд, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 ноември 1984 година.

П бр. 389
27 ноември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Душан Алимпиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ СРЕДСТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Законот за вложување средства на странски лица во домашни организации на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/78) во член 4 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Договорот за вложување го одобрува сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 2

Во член 6 став 1 по зборот: „прописот" се додаваат зборовите: „или се утврдат мерки на текуштата економска политика", а зборот: „кои" се заменува со зборовите: „со кои".

Член 3

Член 7 се брише.

Член 4

Во член 8 став 1 точка 2 по зборовите: „вкупниот износ" се додаваат зборовите: „на потребните".

Став 2 се менува и гласи:

„Домашната организација на здружен труд и странското лице можат да ги утврдат стандардите на материјалните трошоци и критериумите за определување на стапките на амортизација, како и нормативите на текуштиот труд во создавањето производи и вршењето услуги од заедничкото работење (бројот на извршителите на работите и нивната стручна квалификација, временските коефициенти и другите нормативи во вршењето на работите од заедничкото работење)."

Член 5

По член 8 се додава нов член 8а, кој гласи:

„Член 8а

Со договорот за вложување може да се предвиди дел од средствата за финансирање на заедничкото работење на домашната организација на здружен труд и странското лице да го прибават од кредит односно од заем.

Износот на кредитот односно на заемот од став 1 на овој член не може да биде поголем од износот што го вложиле содоговорачите.

Кредитот односно заемот од став 1 на овој член се отплатува од доходот остварен со заедничкото работење пред неговата распределба на содоговорачите.

Ако доходот од заедничкото работење не е доволен за отплата на кредитот односно на заемот од став 1 на овој член, договорните страни се должни за отплатата да обезбедат средства сразмерно со договорениот ризик од заедничкото работење."

Член 6

По член 9 се додава нов член 9а, кој гласи:

„Член 9а

Кон договорот за вложување можат да пристапат и други странски лица и други домашни организации на здружен труд и ако договорот за вложување го извршуваат само во еден дел, под условите што ќе ги прифатат содоговорачите, носители на заедничкото вложување."

Член 7

Во член 10 став 1 по зборот: „дејности" се додаваат запирка и зборовите: „освен за здравствено-рекреативни услуги".

Член 8

По член 10 се додава нов член 10а, кој гласи:

„Член 10а

Странското лице може во домашна организација на здружен труд да вложи девизи, како и предмети и права кои претставуваат средства на трудот и предмети на трудот.

Во рамките на вредноста на вложените средства утврдена со договорот за вложување, странско лице може во домашна организација на здружен труд, во согласност со прописите, да вложи опрема, репродукциони материјали или суровини само ако во соодветен квалитет и количества и по соодветни цени не се произведуваат во Југославија.

Странско лице може во домашна организација на здружен труд да вложи и право на патент, право на индустриска мостра или модел, право на заштитен знак, право на производствена техничка документација и знаење и искуство, во согласност со сојузниот пропис."

Член 9

Член 11 се брише.

Член 10

Член 14 се менува и гласи:

„Домашната организација на здружен труд и странското лице можат да формираат заеднички орган на работењето во чии рамки спогодбено одлучуваат за текуштите прашања од заедничкото работење.

Со договорот за вложување се утврдуваат составот и надлежноста на заедничкиот орган на работењето од став 1 на овој член и начинот на избор на неговите членови."

Член 11

Во член 15 на крајот на став 5 се додава нова реченица, која гласи:

„Со договорот се утврдуваат прашањата што се решаваат спогодбено, без оглед на бројот на претставниците во заедничкиот орган на работењето.".

Член 12

Член 16 се менува и гласи:

„Заедничкиот орган на работењето решава за сите прашања што се однесуваат на заедничкото работење.

Претставниците на домашната организација на здружен труд во заедничкиот орган на работењето се должни, пред донесувањето на одлуката од став 1 на овој член, да ги прибават ставовите на органот на управување на домашната организација на здружен труд која располага со вложените средства."

Член 13

По член 17 се додава нов член 17а, кој гласи:

„Член 17а

Домашната организација на здружен труд во која се вложени средства на странско лице е должна во своите деловни книги посебно да го искаже доходот од заедничкото работење со странските лица."

Член 14

Член 18 се менува и гласи:

„Доходот од заедничкото работење со странското лице основната организација на здружен труд го добива кога од вкупниот приход што е остварен со заедничкото работење со странското лице ќе се надоместат материјалните трошоци и трошоците на амортизацијата , освен материјалните трошоци што според одредбите на законот временски се разграничуваат или се пресметуваат врз товар на обртните средства по основа на залихите.

Ако основната организација на здружен труд и странското лице ги утврдиле стандардите на материјалните трошоци и критериумите за определување на стапките на амортизација што ќе се применуваат во основната организација на здружен труд што го извршува договорот за вложување, тие трошоци се надоместуваат од вкупниот приход што е остварен со заедничкото работење според тие стандарди односно критериуми."

Член 15

По член 18 се додаваат шест нови членови, кои гласат:

„Член 18а

Од доходот од заедничкото работење со странското лице се намируваат со закон пропишаните обврски и издатоци што се намируваат од доходот на основната организација на здружен труд, а што се во врска со неговото остварување.

Врз товар на доходот од став 1 на овој член што му припаѓа на странското лице, основната организација на здружен труд не ги намирува обврските и издатоците за:

1) општонародна одбрана и општествена самозаштита;

2) амортизација над износите утврдени со закон, ако поинаку не е договорено;

3) парични казни за стопански престапи и прекршоци и судски такси, ако не е утврдена одговорност на странското лице;

4) премии за осигурување на општествени средства и материјални права што не се користат за заедничко работење.

Член 18б

Чистиот доход од заедничкото работење со странско лице, работниците во основната организација на здружен труд го распоредуваат за лични доходи и за заедничка потрошувачка, врз основа на самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата според кои се распоредува чистиот доход на основната организација во согласност со законот, со самоуправната спогодба и со општествениот договор.

Остатокот од чистиот доход од заедничкото работење со странско лице работниците во основната организација на здружен труд го распоредуваат, зависно од придонесот во постигнатите резултати, врз основа на текуштиот и минатиот труд, за:

1) дел од остатокот од чистиот доход од заедничкото работење што ѝ припаѓа на домашната организација на здружен труд;

2) дел од остатокот од чистиот доход од заедничкото работење што му припаѓа на странското лице (добивка) сразмерно со вложените средства или со другите критериуми што ќе ги утврдат содоговорачите.

Член 18в

Делот од остатокот од чистиот доход од заедничкото работење што му припаѓа на странското лице претставува негово учество во доходот на име надомест за стопанисување со вложените средства, во годината за која се утврдува чистиот доход од заедничкото работење.

Член 18г

Делот од остатокот од чистиот доход од заедничкото работење што ѝ припаѓа на основната организација на здружен труд, работниците во основната организација на здружен труд го распоредуваат за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот и за создавање и обновување на резервите, врз основа на самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата според кои се распоредува чистиот доход на основната организација на здружен труд во согласност со законот, со самоуправната спогодба и со општествениот договор.

Член 18д

Основната организација на здружен труд во која се вложени средства на странско лице, ги извршува обврските спрема странското лице на име поврат на вредноста на вложените средства, во договорените износи и рокови, во согласност со договорот за заедничкото вложување.

Член 18ѓ

Побарувањата на странското лице од заедничкото работење (надомест за стопанисување со вложените средства) и повратот на вложените средства можат да се искажуваат и на посебна евиденциона сметка на средствата на организацијата на здружен труд во која се вложени средства на странското лице."

Член 16

Член 19 се брише.

Член 17

Во член 22 став 4 се брише.

Член 18

Во член 24 став 2 по зборот: „изнесе" се додаваат зборовите: „во согласност со прописите,".

Член 19

Во член 25 став 2, во уводната реченица, по зборовите: „учество во" се додава зборот: „чистиот".

Член 20

По член 25 се додава нов член 25а, кој гласи:

„Член 25а

Со договорот за вложување може да се предвиди обврската на домашната организација на здружен труд спрема странското лице по основа на неговото учество во остатокот од чистиот доход од заедничкото работење да може да се изврши со давање на услугите што се предмет на договорот."

Член 21

Член 26 се брише.

Член 22

Член 27 се брише.

Член 23

По член 28 се додава нов член 28а, кој гласи:

„Член 28а

Странското лице има право на увид во деловните книги на основната организација на здружен труд во кои се искажува доходот од заедничкото работење."

Член 24

Член 32 се менува и гласи:

„Во случај на престанување на договорот за вложување или на престанување на домашната организација на здружен труд, странското лице има право на поврат на

вредноста на вложените средства до височината на побарувањата на посебната евиденциона сметка на средствата, ако се води таквата сметка во согласност со член 18ѓ од овој закон.

Вредноста на средствата од став 1 на овој член се намалува сразмерно со височината на непокриените загуби што ги поднесува странското лице.

Ако побарувањата на странското лице од заедничкото работење не се искажуваат на посебна евиденциона сметка во согласност со член 18ѓ од овој закон, во случај на престанување на договорот за вложување и престанување на организацијата на здружен труд, странското лице има право на повраток на вложените средства во износот што го преостанал ако е извршен делумен повраток на вредноста, или во зголемен односно намален износ, зависно од приходот остварен со заедничкото работење и со извозот."

Член 25

Член 33 се брише.

Член 26

Во член 35 став 2 по зборот: „изнесе" се додаваат запирка и зборовите: „во согласност со прописите,", а по зборот: „друго" се додава зборот: „странско".

Член 27

Во член 36 се додава нов став 2, кој гласи:

„Со договорот за вложување може да се предвиди право на странското лице на повраток на вложените средства со вршење на услугите што се предмет на договорот за заедничко вложување."

Член 28

Во член 40 став 2, во уводната реченица, по зборот: „приложи" се додаваат зборовите: „во пет примероци", во точка 2 на крајот, точката и запирката се заменуваат со точка, а точ. 3 до 5 се бришат.

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Организацијата на здружен труд е должна, пред поднесувањето на одобрување на договорот до надлежниот орган од став 1 на овој член, да ја извести Стопанската комора на Југославија за намерата за склучување на договор."

Досегашните ст. 3 до 6 се бришат.

Член 29

По член 40 се додава нов член 40а, кој гласи:

„Член 40а

Измените и дополненијата на договорот за вложување со кои се предвидуваат додатни вложувања или реинвестирање на средствата на странското лице во производство на производи од ист вид, според веќе одобрен договор помеѓу исти договорни страни, сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата ги евидентира во посебен регистар кон веќе одобрениот договор.

Барањето за евидентирање на договорот во посебен регистар, во смисла на став 1 од овој член, домашната организација на здружен труд е должна да го поднесе до сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот за додатни вложувања или за реинвестирање на средствата."

Член 30

Во член 42 ст. 1 и 3 се бришат.

Во досегашниот став 2 кој станува став 1, на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додаваат две нови точ. 4 и 5, кои гласат:

„4) ако одредбите на тој договор се спротивни на Општествениот план на Југославија;

5) ако одредбите на тој договор се спротивни на утврдената стратегија на технолошкиот развој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

Член 31

Член 43 се брише.

Член 32

Член 44 се брише.

Член 33

Во член 45 став 2 по зборовите: „по слободна оцена" се става точка, а текстот до крајот се брише.

По став 2 се додаваат два нови става кои гласат:

„Сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата може, во постапката на одобрување на договорот, освен мислењата од став 2 на овој член, да прибавува од сојузните, републичките и покраинските органи, од Стопанската комора на Југославија и од други сојузни, републички и покраински организации и други потребни мислења.

Сојузните, републичките и покраинските органи, Стопанската комора на Југославија и други сојузни, републички и покраински организации се должни образложеното мислење од став 3 на овој член да го даваат во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Ако сојузните, републичките и покраинските органи, Стопанската комора на Југославија и другите републички и покраински организации не го дадат мислењето во пропишаниот рок, ќе се смета дека мислењето е позитивно."

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 5 и 6.

Член 34

Во член 4 став 2, член 30 став 6, член 40 став 1, член 45 ст. 1 и 2, член 46 ст. 1 и 3, член 47 став 2, член 48 ст. 1 и 2, член 49 став 1 и во член 51 ст. 1 и 3 зборовите: „Сојузниот комитет за енергетика и индустрија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата", а во член 47 став 3 зборовите: „претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата".

Во член 48 ст. 1 и 2 и член 49 став 1 зборовите: „Сојузниот секретаријат за надворешна трговија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија".

Во член 50 став 1 зборовите: „Сојузниот секретаријат за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на народната одбрана".

Член 45

Во член 53 став 1 во точка 1 бројот: „5" се заменува со бројот: „4".

Член 36

Во член 55 став 1 се менува и гласи:

„Со парична казна од 30.000 до 300.000 динари ќе се казни за стопански престап домашната организација на здружен труд ако годишниот извештај не го достави до 30 април текуштата година за изминатата година (член 51)."

Член 37

Се овластува Законодавноправната комисија на Советот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да го

утврди пречистениот текст на Законот за вложување средства на странски лица во домашни организации на здружен труд.

Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

686.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалитичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

Се прогласува Законот за системот на општествена контрола на цените, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 ноември 1984 година.

П бр. 390
27 ноември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Душан Алимпиќ, с.р.

ЗАКОН

ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

I - УВОДНА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните односи во формирањето на цените на производите и услугите и системот на општествена контрола на цените што се применува на единствениот југословенски пазар.

II - ОСНОВНИ ОДНОСИ ВО ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ

Член 2

Работниците во основните организации на здружен труд самостојно, во односи на меѓусебна зависност, поврзаност и одговорност со работниците во другите организации на здружен труд и во другите самоуправни организации и заедници, ги формираат цените на своите производи и услуги според условите на пазарот.

Со самоуправниот општ акт на организацијата на здружен труд се утврдуваат постапката за формирање на цените, правата и должностите на органите на управувањето на организацијата на здружен труд во формирањето на цените и начинот на информирање на работниците за показателите што служат како основа за формирање на цените.

Член 3

Организациите на здружен труд кои со други организации на здружен труд, самоуправни организации и заедници ги уредуваат односите во меѓусебна репродукциона поврзаност во областа на производството и размената на производи и услуги, а особено во остварувањето на заеднички приход и други форми на самоуправно организирање и соработка, можат со самоуправна спогодба односно со договор, врз потпишна основа да ги утврдуваат и елементите за формирање на цените односно да ги формираат цените.

При утврдувањето на елементите за формирање на цените и при формирањето на цените во самоуправната спогодба односно во договорот не смее да се користи монополската положба ниту на друг противзаконит начин да се доведува во нерамноправна положба друга организација на здружен труд или друга самоуправна организација, односно заедница.

Со самоуправна спогодба односно со договор не можат да се формираат цените на единствениот југословенски пазар помеѓу организации на здружен труд што произведуваат исти видови производи односно вршат исти видови услуги.

Член 4

Во согласност со целите и во рамките на насоките утврдени со општествените планови на општествено-политичките заедници и со актите за остварување на тие планови, надлежните органи во општествено-политичките заедници се должни да преземаат мерки на економската политика со кои се влијае врз односите на понудата и побарувачката и да создаваат услови цените на производите и услугите да се формираат според условите на пазарот.

Член 5

Потрошувачите организирани во месните заедници и во други самоуправни заедници и организации на потрошувачи (во натамошниот текст: организирани потрошувачи) можат да даваат иницијатива за донесување мерки на економската политика и да предлагаат елементи за формирање на цените на производите и услугите од интерес за непосредната потрошувачка на работните луѓе и граѓаните и можат да им предлагаат на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници, на стопанските комори односно на надлежните органи во општествено-политичките заедници да ги преиспитаат основите што служеле за формирање на цените.

Органите на управувањето на организациите на здружен труд и на нив соодветните органи во другите самоуправни организации и заедници и во стопанските комори и надлежните органи во општествено-политичките заедници се должни да ја разгледаат иницијативата односно предлогот од став 1 на овој член и за својот став да ги известат организираните потрошувачи.

Член 6

Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на енергија и енергетски суровини и со вршење услуги на железнички и ПТТ сообраќај, ги формираат цените на своите производи односно услуги во согласност со заедничките елементи за формирање на тие цени утврдени во планските и други акти на ниво на федерацијата со кои се утврдува економската политика, тргнувајќи од нивото и односите на светските цени и од долгорочниот економски интерес на производителите и потрошувачите за континуирано и стабилно обезбедување производство на тие производи и вршење на тие услуги.

Со актите од став 1 на овој член ќе се врши текушто усогласување на релативните односи на цените на производите и услугите од тој став спрема вкупното движење на цените на производите и услугите, а за енергијата и енергетските суровини и на соодветните односи на цените спрема цените на индустриските производи, како и на меѓусебните односи на цените на одделни видови енергија и енергенати.

Член 7

За основните земјоделски производи што ќе се утврдат со плански акт на ниво на федерацијата, Сојузниот извршен совет, во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, пропишува заштитни цени.

Елементите за формирање на заштитните цени од став 1 на овој член се утврдуваат во планските или во други акти на ниво на федерацијата со кои се утврдува економската политика.

Со заштитните цени на основните земјоделски производи треба да се обезбеди долгорочен економски интерес на производителите за зголемување на производството на основни земјоделски производи, со тоа што при утврдувањето на тие цени се тргнува и од односите на цените на земјоделските производи и цените на производите што се користат во процесот на производство на тие производи.

Заштитните цени од став 1 на овој член се пропишуваат најдоцна до 15 септември текуштата година за наредната година.

Надлежните органи во републиките односно автономните покраини можат да пропишат заштитни цени за земјоделски производи што во планските акти од став 1 на овој член не се утврдени како основни земјоделски производи.

Член 8

Цените на производите и услугите што се изработуваат односно вршат врз основа на посебни порачки или според посебни технички услови и се продаваат непосредно преку собирање понуди или по пат на јавни лицитации, се утврдуваат со договор во фиксен износ и можат да се менуваат само со промена на договорот и во првобитно договорен рок.

Член 9

Цените на производите во прометот се формираат според условите на пазарот, со самоуправна спогодба за здружување на труд и средства или со самоуправна спогодба за трајна деловна соработка меѓу организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и организациите на здружен труд што се занимаваат со работи на промет на тој начин што со тие спогодби се утврдува учеството на производствените и прометните организации на здружен труд во заедничкиот приход или заедничкиот доход, односно со друга самоуправна спогодба за учество во големопродажната или малопродажната цена на тие производи.

Член 10

Одредбите на овој закон што се однесуваат на организациите на здружен труд, се однесуваат и на другите самоуправни организации и заедници, а согласно се применуваат на другите учесници во производството, вршењето услуги и прометот на производи.

Член 11

Формирањето на цените и општествената контрола на цените за вооружување и воена опрема се уредуваат со друг сојузен закон.

III – ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

Член 12

Општествена контрола на цените е вкупна општествена активност врз следењето на движењето на цените и преземањето мерки заради усогласување на вкупните односи на пазарот, а особено во правец на поттикнување на производството и зголемување на обемот и структурата на понудата, создавање услови да се задоволува обемот и структурата на побарувачката и спречување стихијно дејствување на пазарот.

Под општествена контрола на цените се подразбира и преземање мерки за непосредна контрола на цените во согласност со овој закон.

Член 13

Работниците во основните организации на здружен труд вршат општествена контрола на цените тргнувајќи од елементите врз основа на кои органите на управувањето го планирале доходот и показателите што служат како основа за формирање на цените, како и од податоците за остварувањето на планираниот доход и влијанието на цените на производите и услугите на основните организации на здружен труд врз прометот на тие производи на домашниот и странскиот пазар и со утврдување на политиката на цените на основните организации на здружен труд.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници во односи на меѓусебна зависност, поврзаност и одговорност вршат општествена контрола на цените со следење на извршувањето на меѓусебните права и обврски од самоуправните спогодби односно договорите со кои ги утврдиле елементите за формирање на цените односно ги формирале цените и со спроведување на цените на своите производи и услуги со цените што се остваруваат во извозот и увозот на тие производи и услуги.

Организациите на здружен труд здружени во самоуправните интересни заедници вршат општествена контрола на цените со следење на влијанието на цените на одделни производи и услуги врз економската положба на производителот односно вршителот на услуги и корисникот на производи и услуги и врз основа на тие согледувања даваат иницијатива за усогласување и уредување на цените.

Стопанските комори вршат општествена контрола на цените со преземање активности и давање стручна помош за унапредување на работите и работењето на организациите на здружен труд и утврдување на стандардите и нормативите на трошоците на текуштиот и минатиот труд и даваат иницијатива за самоуправно спогодување на меѓусебно поврзаните организации на здружен труд, како и со развивање на добри деловни обичаи и одговорност на организациите на здружен труд во меѓусебните односи и спрема општествената заедница.

Организираните потрошувачи вршат општествена контрола на цените со следење и согледување на нивото и структурата на цените на производите и услугите од интерес за непосредната потрошувачка на работните луѓе и граѓаните и со давање иницијатива за преиспитување на основите што служеле за формирање на цените.

Надлежните органи во општествено-политичките заедници вршат општествена контрола на цените со преземање мерки на економската политика со кои се влијае врз односите на понудата и побарувачката на пазарот, со утврдување на заедничките елементи за формирање на цените во планските и други акти на ниво на федерацијата, утврдување на заштитните цени на основните и други земјоделски производи и, по исклучок, со преземање мерки за непосредна контрола на цените.

Мерки на економската политика од став 6 на овој член се преземаат, особено: во областа на заедничката политика на економските односи со странство, заедничката монетарна и заедничките основи на кредитната политика, заедничката царинска и девизна политика, политиката на распределба на општествениот производ и доходот, политиката на даноците и придонесите, политиката на формирање и користење на стоковни и други резерви.

Член 14

Во општествено-политичките заедници се формираат органи за цени чии надлежности односно овластувања се утврдуваат со закон и со други прописи.

Органите за цени:

1) го следат и анализираат движењето на цените, односно на понудата и побарувачката, дејството на мерките на економската политика и на мерките за непосредна контрола на цените врз цените и спроведувањето на утврде-

ната економска политика во областа на цените, како и спроведувањето на законите и другите прописи со кои се уредуваат односите во областа на цените;

2) го следат и анализираат влијанието на цените врз односите во стекнувањето и распределбата на доходот во рамките на одделни области, гранки и групации и на стопанството во целост, влијанието на движењето на цените врз стабилноста на пазарот, врз трошоците на работењето на стопанството и на одделни негови делови, врз трошоците на животот и стандардот на работните луѓе и граѓаните, како и влијанието на цените врз остварувањето на основните правци на општествениот и економскиот развој утврдени со општествените планови;

3) го следат движењето на светските цени (увозните, извозните, берзанските и инодомицилните цени), вршат процена на нивното движење и го оценуваат влијанието на цените врз конкурентската способност на домашното стопанство на странскиот пазар;

4) вршат процена на движењето на цените за наредниот период, подготвуваат стручно-аналитичка основа за економската политика во областа на цените во планските акти и предлагаат донесување на мерки на економската политика и преземање на мерки и активности за нивно остварување;

5) му предлагаат мерки за непосредна контрола на цените на надлежниот орган, ги спроведуваат мерките за непосредна контрола на цените за чие спроведување се овластени и го следат нивното спроведување;

6) вршат и други аналитички, стручни и управни работи од областа на цените за потребите на надлежните органи во општествено-политичките заедници и за потребите на организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници и издаваат публикации за односите и нивоата на цените и за движењето на цените на пазарот.

Во вршењето на работите и задачите од став 2 на овој член, органите за цените тргнуваат особено од оцената на положбата на одделни области, гранки и групации и стопанството во целост во примарната распределба, од ефикасноста на употребата на производствените фактори и од конкурентската способност на странскиот пазар.

Член 15

Надлежниот орган за цени определува за кои производи и услуги организациите на здружен труд мораат да достават известување за цените заради следење и податоци што мора да ги содржи известувањето за цените, како и роковите и начинот на доставување на тие податоци.

Член 16

Во вршењето на работите и задачите утврдени со овој закон, органите за цени соработуваат меѓусебно, со други органи во општествено-политичките заедници, со самоуправните организации и заедници и со стопанските комори.

Органите за цени ги известуваат организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, стопанските комори, органите во општествено-политичките заедници, општествено-политичките организации и организираните потрошувачи за појавите во движењето на цените, за односите на цените и положбата на одделни дејности во примарната распределба што ги уочуваат во вршењето на работите и задачите од својата надлежност и можат да предлагаат преземање на мерки и активности во согласност со своите права и должности.

Член 17

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници можат да поведуваат постапка во Стопанската комора на Југославија заради преиспитување и усогласување на односите и нивоата на цените на одделни производи односно услуги што се од интерес за целата земја.

На барање од организациите на здружен труд и од други самоуправни организации и заедници - купувачи на повеќе од 1/3 од вредноста на производството на определен производ или услуга, во Стопанската комора на Југославија задолжително се спроведува постапка за преиспитување и усогласување на односите и нивоата на цените на тој производ односно услуга.

Со општиот акт на Стопанската комора на Југославија се утврдува, во согласност со овој закон и со правата и должностите на Стопанската комора на Југославија, постапката за преиспитување и усогласување на односите и нивоата на цените на производите и услугите и се пропишуваат активностите, мерките и одлуките што можат да се донесат во таа постапка.

Член 18

Мерките за непосредна контрола на цените се пропишуваат по исклучок, и тоа:

1) ако и покрај преземените мерки на економската политика настапат или можат да настапат поголеми растројства на пазарот и во движењето на цените или се доведува во прашање остварувањето на основните цели утврдени со општествениот план на Југославија и со други плански акти на ниво на федерацијата;

2) ако организациите на здружен труд не ги формираат цените на производите и услугите во согласност во утврдените заеднички елементи од член 6 на овој закон;

3) заради спречување на монополско формирање на цените;

4) заради утврдување на продајните цени на производите од увоз и од стоковните резерви, што се користат за интервенции на пазарот.

Надлежниот орган во општествено-политичката заедница е должен истовремено со преземањето на мерки за непосредна контрола на цените во смисла на точка 1 став 1 од овој член, да донесе односно предложи мерки на економската политика за отстранување на причините поради кои е преземена таа мерка.

Член 19

Како мерки за непосредна контрола на цените можат да се пропишуваат: определување на највисоки цени односно највисоко ниво на цените, начин на формирање на цените, давање согласност за цените односно тарифата, задржување на цените на затеченото ниво, враќање на цените на определено ниво, утврдување на износот на учеството за покритие на трошоците на прометот и обврска за претходно известување за промената на цените на производите и услугите.

Член 20

Мерката за непосредна контрола на цените може да трае најдолго шест месеци.

Ако не се променат односно не се подобрат приликите на пазарот, траењето на мерката за непосредна контрола на цените може да се продолжи, со тоа што секои шест месеци повторно да се утврдува постоењето на причината за нејзиното задржување.

Надлежниот орган во општествено-политичката заедница кој предлага продолжување на мерката за непосредна контрола на цените, е должен кон предлогот за продолжување на таа мерка да поднесе анализа на ефектите од преземените економски и други мерки и да ги изнесе причините за продолжување на таа мерка и да предложи додатни мерки на економската политика.

За продолжувањето на мерката од став 2 на овој член, надлежниот орган во општествено-политичката заедница е должен да го извести собранието на општествено-политичката заедница во рок од 15 дена од денот на продолжувањето на таа мерка.

Член 21

При пропишувањето на мерката за непосредна контрола на цените се тргнува од реалното вреднување и рационалната употреба на материјалните фактори на производството, од нивото и односите на цените на странскиот

пазар на кој се разменуваат производи и услуги, од показателите на ефикасноста на стопанисувањето и од наменската распределба на доходот.

Надлежниот орган во општествено-политичката заедница е должен пред пропишувањето на мерката за непосредна контрола на цените да ги разработи критериумите од став 1 на овој член врз основа на кои ја пропишува таа мерка и, на барање од организациите на здружен труд и од други самоуправни организации и заедници, да овозможи увид во актот со кој се разработени тие критериуми.

Член 22

Заради остварување на задачите од член 17 на овој закон, мерки за непосредна контрола на цените може да предложи и Стопанската комора на Југославија.

Член 23

Мерките за непосредна контрола на цените на производите и услугите од интерес за целата земја ги пропишува Сојузниот извршен совет, во соработка со надлежните републички и покраински органи.

Член 24

Производи од интерес за целата земја, во смила на овој закон, се сите производи освен производите во областа на: занаетчиството и личните услуги, станбено-комуналната дејност и уредувањето на населби и простори и образованието, науката, културата и информациите.

Услугите од интерес за целата земја, во смисла на овој закон, се: превоз на сотки и патници во железничкиот сообраќај и во воздушниот сообраќај и ПТТ услуги.

Член 25

Ако настанат поголеми растројства во односите на пазарот и во движењата на цените со кои се оневозможува или сериозно се загрозува спроведувањето на заедничката економска политика утврдена со Општествениот план на Југославија и се нарушува единствениот југословенски пазар, Собранието на СФРЈ ќе пропише мерка за непосредна контрола на цените за сите производи и услуги.

Член 26

Работите на општествена контрола на цените од член 14 на овој закон, во рамките на правата и должностите на федерацијата, ги врши сојузниот орган на управата за цени.

Ако Сојузниот извршен совет пропише како мерка за непосредна контрола на цените - давање согласност за цените односно тарифата или обврска на претходно известување за промената на цените на производите и услугите, сојузниот орган на управата за цени ја спроведува таа мерка и презема дејствија со кои се обезбедува нивното спроведување.

Член 27

Заради обезбедување соработка и усогласување на иницијативите, предлозите и ставовите на сојузните органи на управата и заради обезбедување соработка на сојузните органи на управата со републичките и покраинските органи на управата, со организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници, со општествено-политичките организации, стопанските комори и со други општи здруженија во областа на цените, во сојузниот орган на управата за цени се формира совет.

Сојузниот извршен совет го определува составот на советот, траењето на мандатот на членовите на советот, именува претседател и членови на советот од сојузните органи на управата и сојузните организации, од асоцијациите на здружен труд и од научните организации и ги утврдува органите и општествено-политичките организации кои определуваат свои претставници во советот.

Советот разгледува прашања од делокругот на сојузниот орган на управата за цени, дава иницијативи, ги утврдува оценките и зазема ставови и дава мислења и предлози за тие прашања.

За иницијативите, оценките, ставовите, мислењата или предлозите, што ги дава, утврдува односно зазема, советот одлучува со мнозинство гласови на своите членови.

Советот донесува деловник за својата работа.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата за цени е должен, без одлагање, да ги разгледа иницијативата, оценката, ставот, мислењето или предлогот на советот и за нив да заземе став.

Ако функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата за цени не ги прифати иницијативата, оцената, ставот, мислењето или предлогот на советот, за причините поради кои не ги прифатил, ги известува советот и функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на пазарот.

Ако иницијативата, оцената, ставот, мислењето или предлогот на советот се однесуваат на политиката на цените, на остварувањето на таа политика или на други прашања од надлежноста на Сојузниот извршен совет, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата за цени е должен за причините поради кои не ги прифатил да го извести Сојузниот извршен совет.

IV - КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Со парична казна од 200.000 динари до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружен труд и друга самоуправна организација или заедница:

1) ако при формирањето на цените или при утврдувањето на елементите за формирање на цените во самоуправната спогодба или во договорот ја користи монополската положба или на друг противзаконит начин се доведува во нерамноправна положба друга организација на здружен труд, друга самоуправна организација или заедница (член 3, став 2);

2) ако цените на производите или услугите, што се изработуваат односно се вршат врз основа на посебни порачки или по посебни технички услови, не ги утврди во фиксен износ или ги промени по истекот на првобитно договорениот рок (член 8);

3) ако при формирањето на цените на своите производи и услуги не се придржува кон прописите за мерките за непосредна контрола на цените (чл. 19, 23 и 25);

4) ако ја зголеми цената на својот производ или услуга, а притоа не ги примени начинот и постапката за формирање на цените утврдени со одредбите на овој закон (член 32).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап со парична казна од 10.000 до 50.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд, во друга самоуправна организација или заедница.

Член 29

Со парична казна од 20.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружен труд, друга самоуправна организација или заедница:

1) ако со самоуправен општ акт не ги утврди постапката за формирање на цените, правата и должностите на органите на управувањето во формирањето на цените и начинот на информирање на работниците за показателите што служат како основ за формирање на цените (член 2, став 2);

2) ако со самоуправна спогодба или договор, склучен помеѓу организациите на здружен труд што произведуваат исти видови производи односно вршат исти видови услуги, ги утврди цените за тие производи односно услуги (член 3, став 3).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 5.000 до 20.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд, во друга самоуправна организација или заедница.

Член 30

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок поединец кој самостојно врши дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани ако продаде производи или услуги по цени повисоки од цените формирани со примена на мерките за непосредна контрола на цените (чл. 19, 23 и 25).

Член 31

Кон казната за стопанскиот престап од член 28 и прекршокот од чл. 29 и 30 на овој закон ќе се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист остварена со извршување на стопанскиот престап или прекршок.

Имотната корист остварена во смисла на став 1 од овој член е разликата помеѓу цената по која стоките се продадени или услугите извршени и цената формирана според прописите.

V - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Цените на производите и услугите формирани во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат и по тој ден, а можат да се менуваат под условите, на начинот и по постапката што се утврдени со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Член 33

Сојузниот извршен совет, врз основа на согласност од надлежните републички и покраински органи во 1985 година ќе го утврди највисокото ниво на цените на производите и услугите и начинот на формирање на цените на производите и услугите за кои со Резолуцијата за општествено-економскиот развој и економската политика на СФРЈ во 1985 година е тоа определено.

Член 34

Сојузниот извршен совет за 1985 година ќе го пропише начинот на формирање на цените на производите во прометот на големо односно на мало и на производите од увоз.

Член 35

Сојузниот извршен совет ќе пропише за кои производи и услуги организациите на здружен труд се должни во 1985 година да им достават на организациите на здружен труд - купувачи на тие производи известување за цените во рок од 30 дена пред почетокот на продажбата по тие цени.

Член 36

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон:

1) надлежните органи во општествено-политичките заедници ќе ги усогласат своите прописи со кои се уредуваат односите во областа на цените со одредбите на овој закон;

2) организациите на здружен труд и други самоуправни организации или заедници во самоуправниот општ акт ќе ги утврдат постапката за формирање на цените, правата и должностите на органите на управувањето на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации или заедници во формирањето на цените, начинот на информирањето на работниците за показателите што служат како основ за формирање на цените;

3) Стопанската комора на Југославија ќе ја утврди со општ акт постапката и ќе ги пропише активностите и мерките во согласност со член 17 на овој закон.

Член 37

Со денот на почнувањето со работа на сојузниот орган на управата за цени престанува со работа Сојузната заедница за работи на цените.

Член 38

Сојузниот орган на управата за цени со денот на почетокот на својата работа ги презема средствата, опремата и другиот имот, архивата и другата документација на Сојузната заедница за работи на цените.

Сојузниот орган на управата за цени може без конкурс да ги презема работниците што работеле во Сојузната заедница за работи на цените и да ги распореди на работи и задачи во согласност со актот за систематизација на работите и задачите.

Работниците во Сојузната заедница за работи на цените што нема да бидат преземени во смисла на став 2 од овој член ги имаат правата и должностите на работниците во органот на сојузната управа што престанува со работа, утврдени со Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

Член 39

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80, 38/80 и 21/84) и сите сојузни прописи донесени врз основа на тој закон

Член 40

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1985 година.

687.

Врз основа на член 124 став 1 и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седниците на Соборот на републиките и покраините од 27 ноември 1984 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАЕДНИЧКО ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се прифаќа Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија.

2. Се овластува претседателот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ од името на Собранието на СФРЈ да го потпише овој општествен договор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 217
27 ноември 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Душан Алимпиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Миливое Стијовиќ, с. р.

688.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 20 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/76 и 61/82), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 ноември 1984 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1984 ГОДИНА

1. Во Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1984 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83 и 21/84) во точка 2 став 1 процентот: „38,5" се заменува со процентот: „43", а процентот: „26,5" – со процентот: „28,5".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 452
27 ноември 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Душан Алимпиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините,
Миливое Стијовиќ, с. р.

689.

Врз основа на член 72 став 2, а во врска со член 79 став 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78 – Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ објавува

РЕЗУЛТАТ

ОД ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

I. Изборот е одржан од 18 октомври до 16 ноември 1984 година во сите собранија на општините на територијата на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

На седниците на собранијата на општините присуствуваа 6.872 делегати, од вкупно 10.842.

Кандидатот од Листата на делегатите објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 59/84.

Ибрахим Хаџиќ, доби вкупно 6.804 гласови.

Неважечки гласачки ливчиња имаше 68.

II. Републичката изборна комисија на СР Босна и Херцеговина, на седницата одржана на 22 ноември 1984 година, утврди дека, во смисла на член 67 став 1 од Законот, за делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ е избран Ибрахим Хаџиќ, роден 1930 година во Шеварлие – Добој, член на Претседателството на Републичката конференција на ССРН на Босна и Херцеговина, Муслиман, член на делегацијата на Републичката конференција на ССРН на Босна и Херцеговина – Сараево.

Број 149
26 ноември 1984 година
Белград

Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ

Секретар
Мирко Михајловиќ, с. р.

Претседател,
Тања Танпи, с. р.

690.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, Собранието на СР Босна и Херцеговина, Собранието на СР Македонија, Собранието на СР Словенија, Собранието на СР Србија, Саборот на СР Хрватска, Собранието на СР Црна Гора, Собранието на САП Војводина, Собранието на САП Косово, Стопанската комора на Југославија, Стопанската комора на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Словенија, Стопанската комора на Србија, Стопанската комора на Хрватска, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Војводина и Стопанската комора на Косово склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Учесниците на овој општествен договор се согласни, заради обезбедување на стоковни резерви за намирување на потребите на земјата во случај на војна и во други вонредни прилики и заради обезбедување стабилност на единствениот југословенски пазар во случај на поголеми растројства во производството и на пазарот, со овој општествен договор да се утврдат изворите на средствата за финансирање на стоковните резерви и за изградба на складиштен простор за стоковните резерви на општествено-политичките заедници и на организациите на здружен труд што се определени со актите на органите на општествено-политичките заедници надлежни за формирање на резерви.

Член 2

Учесниците на овој општествен договор се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземат мерки средствата за финансирање на стоковните резерви и за изградба на складиштен простор да се обезбедуваат од следниве извори:

1) од буџетот на општествено-политичките заедници;

2) од делот на средствата по основа на позитивната разлика во цената на стоките на залихи во трговијата, кога ќе се променат цените;

3) од средствата што се издвојуваат од позитивните разлики остварени во работењето со стоковните резерви;

4) од средствата од ануитетите од кредитите дадени на организациите на здружен труд за изградба на складови;

5) од средствата на организациите на здружен труд;

6) од други извори, утврдени со актите на собранијата на општествено-политичките заедници.

Учесниците на овој општествен договор се согласни средствата од точ. 1 и 6 на став 1 од овој член да се изземаат од ограничувањето на растежот на општата и заедничката потрошувачка.

Член 3

Учесниците на овој општествен договор се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземат мерки, за финансирање на стоковните резерви на сите општествено-политички заедници и на организациите на здружен труд од член 1 да се обезбедат средства со кои се задоволуваат потребите утврдени со годишните програми, во согласност со среднорочните програми.

Член 4

Учесниците на овој општествен договор се согласни од вкупниот нето-буџет на општествено-политичките заедници (без трансферните средства) да издвојуваат износ од најмалку 2% за финансирање на стоковните резерви.

Член 5

Учесниците на овој општествен договор се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземат мерки, за финансирање на стоковните резерви во социјалистичките републики и во социјалистичките автономни покраини, покрај средствата од член 4 на овој општествен договор, обемот на потребните средства во согласност со член 3 од овој општествен договор да се обезбеди и од дел на средствата од делот на основниот данок на промет што се остварува од прометот на моторен бензин (86 и 98 октани), на гасно масло – дизел-гориво (Д-1, Д-2 и Д-3), на масло за ложење (ЕЛ и ЛС), на масло за ложење – мазут (Л, СР, ТМ-1, средно металуршко, Т, ТМ-2) и на јужно овошје, освен на лимон, а што им припаѓа на републиките и на автономните покраини.

Член 6

Учесниците на овој општествен договор се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземат мерки делот од приходот од основниот данок на промет на кафе што и припаѓа на федерацијата да се насочува за финансирање на сојузните стоковни резерви.

Учесниците на овој општествен договор се согласни, почнувајќи од 1985 година да се обезбеди обемот на потребните средства во согласност со член 3 од овој општествен договор и од делот на приходот од основниот данок на промет на кафе што им припаѓа на републиките, односно на автономните покраини и, покрај средствата од член 4 на овој општествен договор, да се насочува, за финансирање на стоковните резерви во републиките, односно во автономните покраини.

Член 7

Републиките и автономните покраини кои, по основ на член 2 точка 6 од овој општествен договор, издвојуваат средства за финансирање на стоковните резерви од други извори, можат да ги намалат издвојувањата според чл. 4, 5 и 6 од овој општествен договор под услов средствата што се обезбедени од тие извори да бидат доволни за финансирање на програмите на стоковните резерви од член 3 на овој општествен договор.

Член 8

Учесниците на овој општествен договор се согласни републиките односно автономните покраини, во рамките на своите права и должности, да го уредуваат начинот на утврдување и распоредување на средствата остварени во 1984 година по основ на позитивната разлика во цената на стоките на залихи во трговијата, кога ќе се променат цените, со тоа што до 50% од средствата да бидат насочени за обезбедување на стоковните резерви во републиките и во автономните покраини, а другиот дел од средствата да остане за наменски потреби на организациите на здружен труд што ги вршат работите на прометот на стоки.

Член 9

Учесниците на овој општествен договор се обврзуваат дека, во рок од три месеци од денот на неговото објавување, ќе ги донесат прописите, односно ќе преземат други мерки, заради извршување на обврските и задачите од овој општествен договор.

Член 10

Учесниците на овој општествен договор се согласни да се формира одбор за следење на неговото спроведување.

Одборот за следење на спроведувањето на овој општествен договор го сочинуваат по еден претставник на секој потписник и претставникот на Сојузниот извршен совет.

Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи ќе ги обезбедува условите за работа на овој одбор.

Член 11

Секој учесник на овој општествен договор може да даде иницијатива за негови измени и дополненија.

Измените и дополненијата на овој општествен договор се вршат на начинот и според постапката што се предвидени за неговото склучување.

Член 12

Овој општествен договор влегува во сила кога ќе го потпишат овластените претставници на учесниците на овој општествен договор.

Член 13

Овој општествен договор ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

За Собранието на СФРЈ,
Миливое Стијовиќ, с. р.

За Собранието на СР Босна и Херцеговина,
Бранко Шотра, с. р.

За Собранието на СР Македонија,
Дургут Едиповски, с. р.

За Собранието на СР Словенија,
Алојз Клеменчич, с. р.

За Собранието на СР Србија,
Лука Мачкиќ, с. р.

За Собранието на СР Хрватска,
Антун Бубиќ, с. р.

За Собранието на СР Црна Гора,
Велимир Шливанчанин, с. р.

За Собранието на САП Војводина,
м-р **Бертрон Ленке**, с. р.

За Собранието на САП Косово,
Азиз Абраши, с. р.

За Стопанската комора на Југославија,
Анте Зелиќ, с. р.

За Стопанската комора на Босна и Херцеговина,
Никола Лемешевиќ, с. р.

За Стопанската комора на Македонија,
Благое Мукаетов, с. р.

За Стопанската комора на Словенија,
д-р **Руди Кропивник**, с. р.

За Стопанската комора на Србија,
Драган Стојановиќ, с. р.

За Стопанската комора на Хрватска,
Мирослав Хеим, с. р.

За Стопанската комора на Црна Гора,
Лазар Аџиќ, с. р.

За Стопанската комора на Војводина,
Стеван Бек, с. р.

За Стопанската комора на Косово
Љубиша Јаниќиевиќ, с. р.

ПОМИЛУВАЊА

Врз основа на член 315 точка 9 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 21 ноември 1984 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор:

Ајазај Вехбаија Руфат;
Авдиќ Абдурахмана Мехмедалија;
Бајс Бучар Мартина Вера;
Бараковиќ Мехе Шефик;
Бећирај Тоне Ђон;
Битиќи Ибиша Сали;
Бркиќ Суље Менсур;
Даути Сами Имер;
Елезовиќ Агана Фатима;
Фазлијај Фејзе Бедри;
Ганиќ Златка Иво;
Гаши Шабана Џавит;
Хајрулаху Бајрамѝ Фехми;
Халили Џефера Шукрие;
Хасанај Идриса Ганимет;
Хазролај Сабита Абедин;
Ивиќ Јосипа Дамир;
Јоњиќ Луке Марио;
Јовановиќ Радосава Арлета;
Јовиќ Бранка Саво;
Кризман Фрање Бранко;
Лалиќ Бранислава Миодраг;
Лукиќ Милана Петар;
Маравиќ Илије Никола Пириќ Ахме Хасиб;
Пириќ Њифета Зулфер;
Шеху Даноша Бајрам;
Топиќ Мирсад;
Зломислиќ Благо;
Зумбери Јануза Абдуљ

II

Делимично се ослободуваат од извршување на изречената казна затвор:

Ачкар Мате Драган, во траење од 6 (шест) месеци,
Авдагиќ Ханефија, во траење од 8 (осум) месеци,
Балешиќ Мухарема Сулејман, во траење од 6 (шест) месеци,
Бањи Ибиша Дервиши, во траење од 1 (една) година,
Бејтулаху Јусуфа Авдуљазиз, во траење од 6 (шест) месеци,
Битиќи Салима Басри, во траење од 6 (шест) месеци
Блаца Халита Ахмет, во траење од 1 (една) година,
Брачко Славка Стјепан, во траење од 6 (шест) месеци,
Бубњар Јосе Јосо, во траење од 1 (една) година,
Џокоја Емина Изет, во траење од 6 (шест) месеци,
Црњац Радослава Мирослав, во траење од 10 (десет) месеци,
Дујмиќ Николе Томислав, во траење од 6 (шест) месеци,
Дујмовиќ Пошарац Туроман Милутина Снежана, во траење од 6 (шест) месеци,
Ђуљани Ајета Науф, во траење од 6 (шест) месеци,
Фазлиу Фејза Сејди, во траење од 6 (шест) месеци,
Гаши Ганија Фахри, во траење од 8 (осум) месеци,
Халили Ауса Хиреме, во траење од 1 (една) година,
Hann Богомира Богомир, во траење од 3 (три) месеци,
Хоти Халила Хисни, во траење од 1 (една) година,
Имери Јусуфа Нецат, во траење од 8 (осум) месеци,
Исљами Фаика Џемаил, во траење од 1 (една) година,
Јакурти Исмет, во траење од 2 (две) години,
Кастрати Кадрије Зејир, во траење од 6 (шест) месеци,
Којиќ Тадије Богослав, во траење од 4 (четири) месеци,
Ковачевиќ Николе Јанко, во траење од 1 (една) година и 6 (шест) месеци
Љатифи Хамдије Рецеп, во траење од 6 (шест) месеци,
Љуша Ђемаил, во траење од 1 (една) година,
Маѓедонци Назифа Осман, во траење од 1 (една) година,
Марјановиќ Љубомира Драган, во траење од 3 (три) месеци,
Mattiasich Donata Sergio, во траење од 6 (шест) месеци,
Милоњиќ Глиге Димитрије, во траење од 6 (шест) месеци,
Миловановиќ Милисава Милован, во траење од 6 (шест) месеци,
Митковски Бранка Градимир, во траење од 1 (една) година,
Мухиќ Етхема Сафет, во траење од 8 (осум) месеци,
Нађ Стјепана Стјепан, во траење од 6 (шест) месеци,
Полиќ Ивана Бранко, во траење од 6 (шест) месеци,
Преданиќ Владе Жарко, во траење од 6 (шест) месеци,
Рихтар Антона Милан, во траење од 3 (три) месеци,
Рудиќ Милана Драган, во траење од 6 (шест) месеци,
Садику Садика Џемаил, во траење од 6 (шест) месеци,
Сајфер Фрање Фрањо, во траење од 6 (шест) месеци,
Салиху Наим, во траење од 1 (една) година,
Салија Аѓифа Шаѓира, во траење од 1 (една) година,
Станкиќ Митра Коста, во траење о 10 (десет) месеци,
Суља Даута Исмаил, во траење од 1 (една) година,
Шикац Блажа Стјепан, во траење од 6 (шест) месеци,
Тачи Ђазира Хисни, во траење од 1 (една) година,
Тахирај Ајета Ахмед, во траење од 1 (една) година,
Вале Ивице Жељка, во траење од 6 (шест) месеци,
Винковиќ Жиге Марија, во траење од 6 (шест) месеци,
Вуковиќ Обрада Петар, во траење од 6 (шест) месеци,
Златковиќ Мирољуба Драган, во траење од 6 (шест) месеци.

О-бр. 35
21 ноември 1984 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Веселин Ђурановиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

684. Закон за измени и дополненија на Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија — — — — — — — — — — — — — 1403
685. Закон за измени и дополненија на Законот за вложување средства на странски лица во домашни организации на здружен труд — — — — — 1403
686. Закон за системот на општествена контрола на цените — — — — — — — — — — — — — — — — — 1407
687. Одлука за прифаќање на Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари, што се одржуваат во Југославија — — — 1411
688. Одлука за измена на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и паричната политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1984 година — — — — — — — — — — 1412
689. Резултат од дополнителниот избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина — — — — — — — — — — — — — — — — — 1412
690. Општествен договор за утврдување на изворите на средства за финансирање на стоковните резерви — — — — — — — — — — — — — — — — — 1414
Одлука за помилување на осудени лица — — — — — 1414

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадић. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1.